Центар за Управување со Промени

*Work programme - Improved service delivery for citizens by active engagement of the Assembly*

**ПОВИК 08/2020**

## Спецификација за набавка на услуги за планирање и спроведување анкети за утврдување на јавно мислење

**Спецификација на услугите:**

1. Дизајн на прашалник за едно телефонско истражување за утврдување на задоволството на граѓаните од испораката на јавните услуги (со околу 15 прашања)

2. Дизајн на прашалник за едно телефонско истражување за утврдување на задоволството на граѓаните од спроведувањето на образовниот процес во периодот на кризата заради епидемијата од Ковид-19 (со околу 15 прашања)

3. Спроведување на телефонско истражување/анкета (со понуда на цена по испитаник и вклучени трошоци за телефон, анкетари и внес на податоци во СПСС систем, со опфат на репрезентативен примерок на територија на РСМ од најмалку 700 испитаници, како и вкупна цена) за задоволството на граѓаните од испораката на јавни услуги

4. Спроведување на телефонско истражување/анкета (со понуда на цена по испитаник и вклучени трошоци за телефон, анкетари и внес на податоци во СПСС систем, со опфат на репрезентативен примерок на територија на РСМ од најмалку 700 испитаници, како и вкупна цена) за задоволството на граѓаните од спроведувањето на образовниот процес во периодот на кризата заради епидемијата од Ковид-19

5. Изработка на извештај од телефонски прибрани податоци (кој вклучува обработка на податоци во СПСС систем на репрезентативен примерок испитаници со можности за вкрстено споредување и обработка на податоци, изработка на графикони или друг вид сликовити прикази и поставување на прелиминарни заклучоци и интерпретација на податоците) од истражувањето за задоволството од различни јавни услуги

6. Изработка на извештај од телефонски прибрани податоци (кој вклучува обработка на податоци во СПСС систем на репрезентативен примерок испитаници со можности за вкрстено споредување и обработка на податоци, изработка на графикони или друг вид сликовити прикази и поставување на прелиминарни заклучоци и интерпретација на податоците) од истражувањето за задоволството на граѓаните од спроведувањето на образовниот процес во периодот на кризата заради епидемијата од Ковид-19.

**Период и временска рамка:**
Наведените истражувања ќе се спроведат во периодот јуни – јули 2020 година. Точниот период ќе биде дополнително утврден со избраниот добавувач.